Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ---------- ---------- од ----------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 42-та седница одржано на ден 14.12. 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 2452 од 2019 година, оформен по пријава број 12 - 2452 /1 од 17.04.2019 година доставена од подносителот ---------- ---------- од ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2452 од 2019 година.

Предметот со број 12-2452 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2452 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2452/1 од 17.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ---------- ---------- од --------.

Во пријавата се изнесени наводи против Здружение на пензионери на Општина --------, за незаконитости во своето работење, недомаќинско располагање и трошење на средствата на Здружението и злоупотреба на паричните средства од солидарниот фонд и членарината за членство во истото.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања до Државниот управен инспекторат и до Министерството за труд и социјална политика за податоци и информации во врска со предметниот случај. По барањата на ДКСК доставени се бараните известувања и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

-Во конкретниот случај станува збор за наводи за незаконито и криминално работење на Здружение на пензионери на Општина ------ во кое самиот подносител бил поранешен претседател на огранокот Скопје -------- и секретар, за непочитување на статутот на здружението, исплата на големи

хонорари, носење на криминални одлуки, незаконито располагање со средствата од солидарниот фонд и членарината за членство во здружението кои им се одбивале од пензијата на членовите, големи трошоци за репрезентација при прошетки на пензионерите кои сами си ги плаќале патните трошоци, перење на пари по налог и за потребите на Сојузот на пензионери на Македонија по основ на кирија од пензионерски дом Катланово и дуќани на бит пазар итн.

Подносителот на пријавата при укажувањето на незаконитостите во работењето од страна на сегашното раководство добивала многу закани, па во врска со случајот поднела пријави до Државниот управен инспекторат од кој не е задоволна како постапил, а исто така се обратила и до Министерството за труд и социјална политика лично до министерката -------------, но немала добиено одговор.

.-На 27.05.2020 година, на барање на ДКСК добиен е одговор од Министерството за труд и социјална политика – Сектор за пензиско и инвалидско осигурување, со кое се известува дека бил извршен увид во деловодната книга на архивата на Министерството за труд и социјална политика по што било констатирано дека по однос на горенаведените барања од група пензионери, било постапено со допис на Министерството за труд и социјална политика бр. --------/-- од 02.10.2017 година. Истовремено известуваат дека постапувајќи согласно Законот за архивски материјал и Уредбата за канцелариско работење, како и согласно планот и листата на архивска граѓа од 2017 година, а со оглед на карактерот на предметот (*преписка со шифра 0905 и рок на чување од 1 година*), предметот со сите списи од страна на секторот за пензиско и инвалидско осигурување бил доставен до Државниот архив на Република Северна Македонија за уништување, па согласно наведеното Министерството не било во можност целосно да постапиме п0 однос на барањето на ДКСК, односно да достави копија од соодветната документација на предметот.

-На ден 17.06.2020 година, доставено е и известување од Државниот управен инспекторат во кое се известува дека од страна на лицето ---------- ---------- од ---------- било поднесена пријава/жалба до Државен управен инспектор на 29.06.2016 година по која во 2017 година бил оформен предмет кој бил распореден во работа на инспектор на Државниот управен инспекторат -------- -------- - кој во 2018 година ги исполнил условите за пензионирање и бил заминат во старосна пензија. За надлежното постапување по предметот бил изготвен Записник и Решение од 24.10.2017 година за извршен вонреден инспекциски надзор во Здружение на пензионери на општина --------- Скопје, со наод за утврдената состојба согласно член 17 од Законот за управната инспекција. При надзорот биле констатиран неправилности и тоа дека деловникот како книга за водење на основна евиденција не се водел согласно Уредбата за канцелариско и архивското работење и дека Здружението не располагало со отпечаток од приемен штембил, како и дека не се водела уредно основната евиденција на документите/записите.

За отстранување на недостатоц1пе во делот на канцеларискиот работење, инспекторот донел решение од 24.10.2017 година со определување на рокови за неговото извршување и по пошта инспекциските акти уредно ги доставил на субјектот каде извршил инспекциски надзор што било видно од вратената доставница од пошта која постои во предметот а исто така со известување од 24.10.2017 и на 18.12.2017 година била известена и подносителката, за извршениот надзор како и за тоа дека управната инспекција не била надлежна за надзор во финансиското работење на Здружението па ја упатува за тоа да се обратела до Собранието , Извршниот и Надзорниот одбор на Здружението, а исто

така ја известува дека управната инспекција не била надлежна да ја поништи одлуката за нејзино разрешување која била донесена од страна на Извршниот одбор на 19.09.2015 како и да ја врати на работа во Здружението.

На крајот, Државниот управен инспекторат известува дека во институциите/субјектите во кој врши инспекциски надзор, тој нема стварна надлежност да проверува и утврдува злоупотреба на финансиски средства на институцијата.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај било постапено од страна на други надлежни органи во 2017 година и тоа од Државниот управен инспекторат и Министерството за труд и социјална политика,Сектор за пензиско и инвалидско осигурување, кои постапиле согласно со своите законски надлежности и за исходот од своето постапување уредно го известиле подносителот а притоа му било укажано дека по однос на сомневањето за злоупотреба на финансиски средства на наведеното здружение да го извести надлежниот орган односно, Надзорниот одбор на Здружението кој вршел надзор и контрола на наменското трошење на средствата со кое располагало Здружението. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 декември 2020 година под бр. 12- 1918/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р Ш.С.,член на ДКСК